Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на _________2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Со Законот за здравственото осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно осигурување. Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите државјани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со закон.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжителното социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

## 2. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со Законот за здравственото осигурување се утврдува кои категории на лица се задолжително здравствено осигурани меѓу кои се и државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, горепосочената категорија на граѓани на Република Северна Македонија се утврдуваат како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, а како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот е Министерството за здравство.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со донесувањето на оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување ќе може на месечна основа да го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица ќе имаат редовно уплатен придонес и со тоа непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

## 4. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, државјани на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување се околу 250.000, а придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечно ниво, за еден осигуреник се пресметува по основица од 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување според оваа програма, обезбедени се средства во износ од 3.500.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, од кои ќе бидат измирени и заостанатите обврски од 2023 година.

## 6. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведување на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

## 7. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.______________**
**_________2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**

**Димитар КОВАЧЕВСКИ**